УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр. 6 / 109 од 7.11.2024 год.

Врз основа на член 239 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), член 62 и член 67 од Статутот на Архитектонскиот факултет (Универзитетски гласник 473/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на 64. седницата одржана на 6.11.2024 година донесе

# О Д Л У К А

## за започнување на постапка за избор на декан на Архитектонскиот факултет – Скопје за мандатниот период 2024 – 2027 година

Член 1

Архитектонскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје започнува постапка за избор на декан за мандатниот период 2024 – 2027 година.

Член 2

За спроведување на постапката за избор на декан на Архитектонскиот факултет во Скопје за мандатниот период 2024 – 2027 година се формира Изборна комисија во следниот состав:

1. Проф. д-р Бојан Каранаков
2. Вонр. проф. д-р Горан Мицковски
3. Вонр. проф. д-р Александар Петровски

Член 3

Пријавувањето на кандидатите за декан започнува од денот на донесување на оваа одлука и трае најдоцна до 5.12.2024 година, односно 30 дена од денот на донесувањето на одлуката.

Член 4

Кандидатите до Изборната комисија од член 2, поднесуваат пријава со:

- Биографски податоци за кандидатот
- Програма за работа на кандидатот за мандатниот период од 2024 – 2027 година.

Кандидатите документите ги поднесуваат во хартиена и електронска форма преку архивата на Архитектонскиот факултет – Скопје.

Член 5

Изборната комисија од член 2 е должна да работи согласно Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на Архитектонскиот факултет - Скопје.

Изборната комисија од член 2 треба да утврди деловник за работа согласно член 68 од Статутот на Архитектонски факултет-Скопје.

Член 6

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

В.д. Декан,

Проф. д-р Огнен Марина

Доставено до:

- Архивата
- Изборна комисија
- Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“
- Веб страницата на Архитектонскиот факултет
- Човечки ресурси